Се применуваат од 20.05.2024 година

**ОПШТИ УСЛОВИ**
**НА УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА**
**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОС ТЕРМИНАЛ ПРИ ПЛАЌАЊА СО КАРТИЧКА**

УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД Скопје, со седиште на ул.„Максим Горки“ бр.6, Скопје, со ЕМБС: 464608 и ЕДБ: 403099322736, број на сметка: 240000000000126, свифт адреса: UIBMMK22, веб-страница:www.unibank.mk, е-пошта: unibank@unibank.com.mk, телефон за контакт: 02 3 111-111.
Надлежен орган за надзор на Банката е **Народната Банка на Република Северна Македонија**.
(во понатамошниот текст: Банката)

## I.ДЕФИНИЦИИ

- **Картичка (платежна картичка)** - вид на платен инструмент кој му овозможува на плаќачот да иницира трансакција со дебитна или кредитна картичка и којшто може да се користи од имателот за плаќање на стоки и услуги и/или за повлекување и/или внесување готовина;
- **Трговец** – секое регистрирано правно лице во Централен регистар на Р.С.Македонија, со седиште на територија на Р.С.Македонија, корисник на ПОС терминал;
- **ПОС -** Електронски уред инсталиран кај Трговец преку кој се врши плаќање на производи и услуги со користење на платежна картичка.
- **Авторизација -** постапка со која се проверува дали корисникот на платежни услуги или давателот на платежни услуги има право да извршува определени дејствија;
- **Платежна сметка** – Сметката којашто ја одржува давател на платежни услуги на име на еден или повеќе корисници на платежни услуги и којашто се користи за извршување на платежни трансакции.;
- **Референтен број на трансакција** – комбинација од податоци за идентификација на секоја реализирана трансакција со картичка. Референтниот број му овозможува на Трговецот да ја идентификува секоја ПОС трансакција.
- **Инструкции** – сите инструкции и упатства за опслужување на плаќања со картичка и користење на ПОС терминал, доставени од Банката на Трговецот, кои претставуваат неразделен дел од Договорот за користење на ПОС терминал и Општите услови;
- **Заменски надоместок -** надоместок којшто, непосредно или посредно, преку трета страна, се пресметува и плаќа за секоја платежна трансакција заснована на картичка од давателот на платежни услуги што врши прифаќање на платежни трансакции во корист на давателот на платежни услуги што го издал платниот инструмент заснован на картичка. Овој надоместок ја вклучува и нето компензацијата или друга слична договорена форма на награда.
- **Надоместок од Трговец -** надоместок што Банката што врши прифаќање платежни трансакции го пресметува и наплатува од примачот на плаќањето, а во врска платежни трансакции засновани на картички.
- **Платежен бренд -** материјален или дигитален назив, израз, знак, симбол или нивна комбинација со кои е можно да се означи картична платежна шема во рамки на која се извршуваат платежните трансакции засновани на картички.
- **Платежна трансакција заснована на картичка -** услуга која се заснова на инфраструктура и правила за работењето на картичната платежна шема заради извршување на платежна трансакција со користење на било која картичка,

телекомуникациски, дигитални или информатички уреди, што може да содржат соодветна платежна апликација и која што резултира со извршување трансакција со дебитна картичка или кредитна картичка, освен платежна трансакција врз основа на други видови на платежни услуги.

- **„ Картична платежна шема“ (анг. payment card scheme)** е единствен збир на правила, практики, стандарди и/или упатства за извршување на платежни трансакции засновани на картичка, договорени меѓу давателите на платежните услуги, а коишто се одвоени од каква било инфраструктура или платен систем што би ја поддржувале нејзината работа и коишто вклучуваат определен орган на одлучување, организација или субјект, што ја носат одговорноста за функционирањето на шемата;
- **Работен ден** - ден на кој давателот на платежни услуги на плаќачот или давателот на платежни услуги на примачот вклучен во извршување на платежна трансакција е отворен за работа како би се овозможило извршување на платежната трансакција односно период утврден со правилата за работа на платниот систем и системот за порамнување на хартии од вредност кој ги опфаќа сите настани за време на работниот циклус на овие системи, независно во кој период од денот и ноќта се случуваат порамнувањата;
- **Тарифа** - информативен документ за надоместоци, што Банката ги пресметува и наплатува за услугите што ги врши заедно со сите измени и дополнувања. Документот е достапен во хартиена форма во експозитурите на Банката и во електронска форма на веб страната на банката www.unibank.mk- и
- **„Закон“** означува Законот за платежни услуги и платни системи вклучително и измените и дополнувањата кон истиот како и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот.

Термини употребени во еднина можат да се употребат и во множина и членувана форма, без притоа да го изгубат дефинираното значење.

## II.ОПШТИ ОДРЕДБИ

- Банката кон Трговецот ги применува меѓународните правила на работење на Mastercard®/Visa®, Општите услови на Банката за користење на ПОС терминал при плаќања со картичка, законските одредби кои се однесуваат на плаќање на ПОС терминал и останатите акти на Банката.
- Во случај на промена на меѓународните правила на работење на Mastercard®/Visa® и законските одредби, Трговецот е согласен Банката да ги применува измените.
- Општите услови и Тарифата се достапни на Трговецот на веб страната и во експозитурите на Банката и му овозможуваат на Трговецот да се запознае со условите за користење на ПОС терминалот, пред склучување на Договор за користење на ПОС терминал.
- Банката има право да ги измени Општите услови за користење на ПОС терминал и/или Тарифата на надоместоци на Банката, при што е потребно да го извести Трговецот, најмалку 2 (два) месеци пред стапување во сила на измените, преку контакт податоците наведени во договорот (електронско поштенско сандаче, СМС и е-пошта) со информација каде истите ќе бидат достапни. По истек на рок од 10 (десет) дена од доставеното известување, ќе се смета дека Трговецот измените ги прифатил и за истите е уредно известен.
- Во случај кога Трговецот не е согласен со измените, има право да го раскине Договорот за користење на ПОС терминал, со писмено известување до Банката, само по подмирување на сите финансиски обврски кон Банката.
- Внесувањето на Персоналниот Идентификационен Број (ПИН) од корисникот на картичката на тастатурата од ПОС терминалот има дејство на правно валиден потпис.
- Запишувањето на плаќањата, извршувани со картичката се сметководствени документи и се сметаат за вистинити до докажување на спротивното.

## III.УСЛОВИ ЗА ИНСТАЛИРАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПОС ТЕРМИНАЛ

- Инсталирање на ПОС терминал се врши врз основа на поднесено Барање за инсталирање на ПОС терминал од страна на Трговецот.
- Банката спроведува анализа на Барањето за инсталирање на ПОС терминал и доколку истото е одобрено, склучува Договор за користење на ПОС терминалот за плаќања со картички со Трговецот и врши инсталирање на ПОС терминал кај Трговецот. Во процесот на анализа на Барањето за инсталирање на ПОС терминал, Банката може да побара дополнителна документација од Трговецот.
- Банката може да одбие да инсталира ПОС терминал во случај кога Трговецот во барањето за ПОС терминал дал неточни или нецелосни податоци или дал невистинити податоци во врска со активноста на правното лице.
- Банката го задржува правото да одбие инсталирање на ПОС терминал без да наведе причини.
- За инсталирање и користење на ПОС терминал, Трговецот е обврзан во Банката да отвори платежна сметка во македонски денари, на која Банката го реализира преносот на пари на сметката по која ќе се извршуваат трансферите, поврзани со плаќања на производи и услуги со картичка. На сметката ќе се пренесе и прометот во случаевите на рекламации и/или спорни трансакции за кои ќе се применуваат правилата утврдени од страна на меѓународните картични организации или други картични системи за кои Банката е лиценцирана. Правата и обврските на страните во врска со отворањето и опслужувањето на сметката се уредуваат со одделен договор.
- За инсталирање и користење на ПОС терминал, Банката утврдува минимални технички барања, детално опишани во Упатството за инсталирање и користење на ПОС терминал. Трговецот е должен да обезбеди услови за инсталирање и техничко опслужување на ПОС терминалите пред договорениот датумот на инсталирање.
- Банката го организира инсталирањето и одржувањето на ПОС терминалите кај Трговецот и обуката на персоналот за работа со нив. При инсталирање на секој ПОС терминал се вршат тест трансакции со кои се потврдува неговата подготвеност за работа, при што се потпишува Записник за примопредавање од страна на овластено лице од Трговецот и од Банката.
- ПОС терминалот е сопственост на Банката и е даден на користење на Трговецот за времетраење на Договорот за користење на ПОС терминал. Трговецот е должен да ги почитува упатствата за користење на ПОС терминалот, да ги користи со внимание на добар домаќин и да ја сноси секоја штета која ќе настане на опремата од причини кои се резултат на негова вина или невнимание. Трговецот не може да ја промени местоположба на ПОС терминалот без писмена согласност на Банката и треба благовремено да ја информира за неопходноста од негово сервисирање, дополнување или замена, како и да го сервисира исклучиво преку надлежна служба на Банката. Трошоците и надоместоците за овој вид услуга, Банката ги наплаќа од сметката на Трговецот, согласно Тарифата и Договорот за користење на ПОС терминал при плаќања со картичка.
- Во случај на оштетување, губење, кражба или било каков друг проблем на ПОС терминалот, Трговецот е должен да ја информира Банката во најкраток можен рок, на контактите посочени од Банката при инсталирање на ПОС терминалот.
- Во случај на губење, кражба или оштетување на ПОС терминалите по вина на Трговецот
  - Во случај на губење или кражба – Трговецот и плаќа оштета на Банката во согласност со Тарифата на Банката и
  - Во случај на оштетување – Трговецот ги плаќа трошоците за отстранување на причинетите штети по цени, определени од овластени лица - извршители на сервис на ПОС терминалите.

- Банката е должна да му достави на Трговецот рекламни материјали и други информациони податоци, поврзани со плаќањата со картичка.
- Трговецот е обврзан да ги извести корисниците за можноста да извршат плаќање со картичка и брендот меѓународна картична организација т.е бренд за кој Банката има лиценцирано право да го прифаќа и е овозможен на ПОС терминалот, преку поставување на рекламни и други потребни информациони материјали, доставени од страна на Банката, во објектот на видно место, на влезот во продавницата и на благајната на Трговецот.
- Трговецот е должен да обезбеди еднакви услови за сите иматели на картички, независно од издавачот на картичката и да прима плаќања со картичка под еднакви услови со плаќањата во готовина или со користење на други платежни средства.
- Трговецот се обврзува дека на корисникот на картичка нема да му ја зголеми цената за дополнителен износ заради купување по пат на картичка, ниту на корисникот ќе му издаде готовина наместо стока или услуга.
- При извршување на плаќања со картичка на ПОС терминал, Трговецот е должен:
  - да констатира дека соодветната картичка се презентира лично од страна на корисникот;
  - да ја провери валидноста и задолжителните карактеристики на картичката за кои Банката е лиценцирана да ги прифаќа;
  - да печати слип (белешки/сметки) од секоја трансакција и да го чува согласно инструкциите од Банката;
  - при една трансакција да не го дели плаќањето со картичка на повеќе трансакции, а со цел избегнување на лимитот на картичка и единствено да прима плаќања со картичка само до износ на определен лимит од Банката и
  - да не прима плаќања од овластениот корисник на картичка за надоместување на претходни обврски по основ на истата или рефинансирање на претходен долг кон Трговецот.
- Ако картичката е предадена од лице, кое што не е корисник, како и во случаите на сомнение за кражба, или користење по друг незаконски начин, Трговецот е обврзан да ја извести најбрзо Банката /денонoќно/ за утврдените неправилности. Известувањето може да се изврши по телефон, на контактите посочени од Банката при инсталирање на ПОС терминалот.
- Трговецот е должен да го одбие плаќањето на ПОС терминал доколку постои:
  - неважечка платежна картичка;
  - несовпаѓање на потписот на корисникот на платежната картичка и неговиот потпис на документот за прифаќање на платежната трансакција или на документот за лична идентификација на корисникот или постои недостаток на потпис на корисникот на картичката доколку тој е потребен за нејзината валидност;
  - одбивање од корисникот на платежната картичка да презентира документ со кој се потврдува неговиот идентитет или доколку продавачот кој е примач на плаќање утврди дека неовластено лице ја користи платежната картичка;
  - неможност да обезбеди потврда за извршувањето на платежната трансакцијата;
  - сомневање за фалсификувана или лажна платежна картичка;
  - претходно доставена информација од страна на Трговецот, дека не прифаќа соодветна платежна картичка согласно Законот за платежни услуги и платни системи и
  - други основи кои не се во спротивност со важечкото законодавство.
- Трговецот може да ја задржи платежната картичка во име на издавачот согласно Законот за платежни услуги и платни системи.

- Банката е должна да ги регистрира сите промени извршени преку ПОС терминалите на посочената сметка од Трговецот и да изврши пренос на средства во рок до 2 (два) работни дена на сметката на Трговецот за реализирани трансакции со картички намален за надоместок кој се пресметува и наплаќа како процент од износот на трансакцијата извршена со картичка или минумум надоместок. Останатите надоместоци за извршените банкарски услуги, Банката ги наплаќа од сметката на Трговецот, согласно Тарифата, за што со потпишување на Договор за користење на ПОС терминал при плаќања со картичка и прифаќање на Општите услови, Трговецот дава изрична согласност.
- Банката не одговара за пренесување на средствата од реализирани трансакции на сметката на Трговецот подоцна од вообичаеното време за пренос, поради различни причини кои се надвор од нејзина контрола или се предмет на оспорување од страна на иматели на картички.
- Банката го задржува правото да блокира средства од платежната сметка на Трговецот во Банката, повеќе од вообичаеното време за пренос, за сите трансакции за кои смета дека се сомнителни и се резултат на перење пари, измама и други криминални активности.
- Трговецот има право да побара известување за состојбата и промените по сметката, на која се извршуваат трансферите, сврзани со плаќањата на стоки и услуги со картичка, во рок и на начин, договорени со Банката.
- Банката се обврзува на Трговецот еднаш месечно да му даде на располагање извештај (информации) за извршени трансакции засновани на картички, во кој ќе бидат прикажани: референтен број на трансакција, износ на трансакција во валута во која платежната сметка се одобрува и износ на надоместот кој Банката го наплаќа на Трговецот согласно Договорот за користење на ПОС терминал, вкупно и поединечно за надоместокот за услугата на Трговецот и на заменскиот надоместок. Извештајот (информациите) ќе биде достапен на Трговецот на хартија во експозитурите на Банката.
- Трговецот е должен да ја држи во тајност информацијата, односно да ја почитува доверливоста на онаа информација која не се јавува како општо достапна и чие разгласување може да доведе до загуба или нарушување на деловната репутација, а тука спаѓаат: приватноста на имателот на картичка, бројот на картичка, состојбата на сметката, информации за трансакциите, за одредените лимити на картиците, за тарифната политика на Банката и други податоци кои му стојат на располагање пред или по плаќањата со картичка.
- Трговецот е должен да чува читлив примерок од слипот (белешката/сметката) најмалку 3 (три) години од денот на плаќањето и во случај на потреба за реконструкција на податоци за оспорено плаќање да ја презентира на Банката. Трговецот е должен слипот да го обезбеди до Банката во рок од 3 (три) работни дена. Доколку не го обезбеди бараниот слип Трговецот е должен да ја преземе обврската за плаќање на оспорениот износ со евентуални трошоци. Доставувањето на слиповите Трговецот е должен да го изврши по пошта e-mail или со директно примопредавање помеѓу овластени лица од двете договорни страни врз основа на склучен договор.
- Трговецот нема право, при извршувањето на трансакции со картичка, да сочувува во електронска или писмена форма, лични податоци за корисникот на картичката, број на картичка, датум на важење на картичката, како и CVC/CVV код за истата.
- Банката има право да ја промени висината на надоместоците, кои што ги наплаќа за извршените операции од неа, поврзани за плаќањата со картичка, за кое што е должна да го извести Трговецот 2 (два) месеци пред датумот на примена на измената преку објавување на интернет страната на Банката, експозитурите на Банката или преку испраќање на писмен допис до Трговецот;
- Банката има право на крајот на секој месец за претходниот месец да ги побара примероците од слиповите за извршените трансакции на ПОС терминалите од Трговецот и истите да ги чува кај себе;

- Банката се обврзува во секое време (денонокно), вклучувајќи ги викендите и празничните денови, да изврши увид во случаите кога картичката е предадена од лице, кое што не е корисник, како и во случаите на сомнение за кражба, или користење по друг незаконски начин, по пријава на Трговецот на контактите посочени од Банката при инсталирање на ПОС терминалот.
- Банката има обврска ја чува целата регистрирана информација и сите документи, поврзани со плаќањата со картички на ПОС терминалите согласно интерните акти.
- Банката има право да врши проверка на начин што сама ќе го оцени дека е најпогоден, без знаење и најава на Трговецот, на сите постапки кои се однесуваат и се од значење за исполнување на обврските на Трговецот врз основа на склучените договори, со цел констатирање на евентуални случаи на одбивање прием на картичка како средство за плаќање, продажба по повисоки цени кога се плаќа со картичка, неправилности при идентификацијата на корисникот на картичката и се друго во функција на користење на картичката.
- Банката не е одговорна да ја следи законската основаност на зделките меѓу Трговецот и корисникот на картичката, при кои што се извршуваат плаќањата со картичка, освен ако со нормативен акт не е предвидено друго.
- Односите меѓу Банката, Трговецот и корисникот на картичка, вклучувајќи ја одговорноста за штети, во случаи на неправилно читање на трансакцијата или аритметичка грешка, поврзана со плаќањето со картичка на ПОС терминалите, влечење на неправилен резултат или несоодветна сума од Трговецот или друго дејствие, се определува согласно регулативите на картичните организации и позитивното законодавство што ја уредува конкретната област.
- Во случај на неисполнување на своите обврски од Договорот од страна на Трговецот, вклучително и оспорување на авторизирани трансакции од корисници на картички, кои во Банката пристигнале како спорни, доколку плаќањето не е извршено од купувачот, извршено е со фалсификувана/скимирана картичка, производот не е испорачан или услугата не е извршена или друго, му дава право на овластениот корисник на картичка да побара враќање на неосновано платената сума – chargeback, со што Банката има право службено, без посебни судски постапки или дополнителна писмена изјава од Трговецот, да изврши пренос на средствата на Трговецот од негова/и сметка/и во Банката на сметка на оштетените корисници на картички, и надомест на сите трошоци кои произлегуваат од процесирање на chargeback за што Трговецот со Договорот за користење на ПОС терминал при плаќања со картичка, дава изрична согласност.
- Трговецот се обврзува веднаш писмено да ја извести Банката доколку има промени во податоците и документите доставени од него. ,
- Промените во податоците/документите ќе бидат во важност од моментот кога Трговецот писмено ќе ја извести Банката, со достава на соодветните документи во експозитура на Банката.

## IV.УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОС ТЕРМИНАЛ ОД СТРАНА НА ТРГОВЕЦ ЧИЈА ДЕЈНОСТ Е ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ВОЗИЛА (Рент-а-кар)

- Трговецот чија дејност е изнајмување на возила, во определени случаи може да направи дополнително задолжување на корисникот на картичката после враќање на изнајменето возило, како што се наплата на штета, наплата на гориво, дополнителна услуга, паркинг билети, осигурување и слично.
- Условите за извршување на трансакција за дополнително задолжување на корисникот на картичката, се следни:
  - Трговецот да има валиден склучен Договор за изнајмување на возилото со корисникот на картичката и Ошти услови за користење на услугата;

- Во договорот треба јасно да биде специфицирано дека корисникот на картичката се согласува да биде задолжен за дополнителен трошок во случај на штета на возилото или дополнителна услуга настаната за време на траење на периодот на изнајмување. Договорот треба да биде потпишан на секоја страна од корисникот на картичката;
- Во Општите услови за користење на услугата треба да биде наведено дека Трговецот може да го задолжи корисникот на картичката во случај на штета на возилото, потрошено гориво или користење на дополнителна услуга за време на договорниот период. Општите услови треба да бидат потпишани од корисникот на картичката со што потврдува дека истите ги прифаќа;
- Трговецот треба да обезбеди документ за авторизација од корисникот на картичка со кој го овластува Трговецот да изврши наплата од пријавената картичка на дополнителни трошоци за штети или други услуги, настанати за време на ренталниот период;
- Во случај на штета на возило, пред да се изврши трансакцијата за задолжување, треба да се направи проценка на штетата од страна на два субјекти кои се законски овластени за поправка на возила и истата да се прати до корисникот на картичката;
- Задолжувањето треба да биде направено најдоцна во рок од 90 (деведесет) дена од денот на враќање на возилото;
- Корисникот на картичката треба да биде писмено известен за дополнителното задолжување во рок од 10 (десет) работни дена од денот на враќање на возилото, при што треба да му биде доставена следната документација:
    - сметка за дополнителниот износ за кој се задолжува со детален опис на трошокот;
    - извештај од полиција или од осигурителна компанија (во случај на несреќа/незгода);
    - најмалку две мислења за штетата од субјекти кои се законски овластени за поправки (во случај на штета на возило) и
    - известување за износот на штетата која се покрива со осигурување и причина поради која корисникот на картичката е задолжен за трошокот (во случај на штета на возило).
- Ако корисникот потпишал бланко записник, потребен е доказ дека бил запознаен со содржината на допишаниот текст.
- По доставување на потребната документација до корисникот на картичката, во рок од 10 (десет) дена од добивање на известувањето, тој треба да даде писмена согласност за задолжувањето или пак да даде своја процена на трошокот.
- Откако ќе се направи дополнителното задолжување, копија од слип од трансакцијата треба да се прати до корисникот на картичката.

➢ Доколку корисникот на картичката е присутен при извршување на трансакција за дополнителна трансакција, задолжително е да се направи нова трансакција со физичко присуство на картичка и да се обезбеди ПИН или потпис од клиентот на слипот. Потоа треба да се комплетира предавторизацијата со трансакција од 1 мкд со цел да се ослободат резервираните средства. Во случај кога не е возможно да се направи нова трансакција за наплата, односно ако на картичката нема доволно средства за извршување на трансакцијата, потребно е прво да се комплетира предавторизацијата со трансакција од 1 мкд, со цел да се ослободат резервираните средства, а потоа да се изврши наплата на услугата со физичко присуство на картичка и задолжително да се обезбеди ПИН или потпис од клиентот на слипот.

## V.УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОС ТЕРМИНАЛ ОД СТРАНА НА ТРГОВЕЦ – ЧИЈА ДЕЈНОСТ Е ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ

- Трговецот кој користи ПОС терминал инсталиран во објекти за сместување (хотели, мотели, одморалишта, автокампови и сл.) е должен да ги почитува следниве правила при на извршување на трансакции за дополнително задолжување на корисникот на картичката, во случај на штета, кражба, неоткажана а неискористена услуга и слично:
  - Трошокот кој се наплаќа дополнително мора да биде врз основа на услугата/производот кој корисникот на платежната картичка ја користел;
  - Трошокот мора да биде наплатен во посебна трансакција;
  - Во рок од 10 (десет) работни дена од одјавата од хотелот да го информира корисникот на картичката за трошокот, при што, треба да му достави сметка за дополнителниот износ за кој се задожува со детален опис на трошокот;
  - Корисникот на картичката на писмено треба да се согласи да го плати трошокот;
  - Ако корисникот потпишал бланко записник, потребен е доказ дека бил запознаен со содржината на допишаниот текст;
  - Дополнителниот трошок мора да се процесира најдоцна до 90 (деведесет) дена од одјавата од хотелот;
  - Доколку корисникот на картичката е присутен, задолжително предавторизацијата треба да се прави со картичката, не со рачно внесување на бројот на картичка и
  - Доколку корисникот е присутен при комплетирање на предавторизацијата, задолжително да се обезбеди потпис од клиентот на слипот.
- Во случај на наплата на трошок за неоткажана и неискористена резервација Трговецот е должен да чува документ со следниве податоци: цена на сместување за еден ден, данок, датум на почеток на резервацијата, назнака за причина “No Show”, кој треба да го достави на барање до Банката.

## VI.РОК НА ВАЖЕЊЕ И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОС ТЕРМИНАЛ

- Трговецот користи ПОС терминали, врз основа на склучен Договор за користење на ПОС терминал. Договорот за користење на ПОС терминал стапува во сила од денот на негово потпишување и се склучува на неопределено време. Отказниот рок е 30 (триесет) дена при што секоја договорна страна може да го раскине со писмено известување до другата договорна страна.
- Договорот за користење на ПОС терминал може да биде прекинат:
  а) со писмено известување за прекинување на договорот во рок од 30 (триесет) дена, сметано од денот на приемот на писменото известување, од секоја од страните на договорот;
  б) само после подмирување на сите финансиски обврски помеѓу страните на договорот;
  в) со затварање или објавување на стечај на Трговецот или Банката;
  г) со одлука на Банката поради евентуални сомнителни трансакции за кои смета дека се резултат на перење на пари, измама или други криминални активности и
  д) во други случаи, предвидени со закон или внатрешните акти на Банката.
- Договорот за користење на ПОС терминал може да биде прекинат и без писмено известување од страна на Банката, во следните случаи:
  а) нарушување на било кој услов од Договорот и Општите услови од страна на Трговецот;
  б) со одлука на Банката поради сомнение дека Трговецот извршил, направил обид да биде извршено или бил соучесник при извршување или незаконско користење на податоци од картички или други незаконски дејствија;
  в) прекин на дејноста на Трговецот и
  г) доколку Трговецот нема реализирани трансакции на ПОС терминали во рок од 30 (триесет) последователни дена.

- Во случај на раскинување на Договорот за користење на ПОС терминал, како и при враќање на ПОС терминал, Трговецот има обврска да ја врати и целокупната дополнителна опрема за функционирање на ПОС терминал (адаптер, сим картичка, капаче). За истото се потпишува Записник за затворање на ПОС терминал од страна на овластени лица на двете договорни страни. При примопредавање на ПОС терминалот, Банката врши проверка на комплетноста на доставениот уред и опрема и во случај кога доставениот ПОС терминал не е комплетен или е оштетен, следува наплата на трошокот за сервис со фактура која ја издава Банката или службено се задолжува сметката на Трговецот која се води во Банката.
- Во случај кога Трговецот го враќа ПОС терминалот во тековниот месец, на Банката и должи и надоместок за месечно одржување на ПОС терминалот за тој месец, која Банката има право да ја наплати службено од сметката на Трговецот која се води во Банката.

## VII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- Сите измени и дополнувања во инструкциите на Банката за опслужување на плаќањата со картички влегуваат во сила од моментот на доставување на писмено известување до Трговецот. Известувањето може да се изврши по е-маил, или писмено со официјално адресирано писмо.
- За сите неуредени прашања со општите услови и договорот се применува позитивното македонско законодавство што ја уредува оваа област.
- Сите спорови коишто ќе произлезат помеѓу страните, во врска со извршувањето, или толкувањето на договорот и овие општи услови, ќе се решаваат разумно и на мирен начин, а во случај да не се постигне согласност за решавање на спорот на ваков начин, надлежен е судот во Скопје.
- Составен дел од Општите услови се: Барањето за ПОС терминал, Прашалник за трговец, Договор за користење на ПОС терминал при плаќања со картичка, Инструкциите и Упатство за ПОС терминал, Тарифата на надоместоци на Банката и прилозите кон нив.